# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>31.07.2015 год.<br>БРОЈ 7 ГОДИНА 50 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка и донесување на урбанистички планови | 2 |
| 2. | Јавна објава | 3 |


*e-mail: sovet@ohrid.gov.mk*

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 199/14 и 44/15) општина Охрид распишува:

***Ј А В Е Н П О В И К***

**за доставување на иницијативи за изработка и донесување на урбанистички планови**

Секое заинтересирано правно и физичко лице во тек на јавниот повик може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови и тоа: детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место.

Иницијативите можат да се достават во електронска форма преку информациски систем е-урбанизам или во писмена форма.

Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план.

Јавниот повик ќе трае од 31.07.2015 до 31.08.2015 година.

**Број 09-10794/1**
**29.07.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Никола Бакрачески,с.р.**

# ЈАВНА ОБЈАВА

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште, Одделение за спроведување на урбанистички планови на барање на Куќен совет на зграда број 4влез 2,3,4 бул.Туристичка Охрид за огласување на ништовност решение за трансформација на право на користење на градежно земјиште во право на сопственост по основ на поранешна сопственост донесе решение бр.Уп.1 број 10-6381/4 од 07.07.2015 год.

Куќен совет на зграда број 4влез 2,3,4 бул.Туристичка Охрид се известува за донесеното решение и се задолжува во рок од 7 дена да дојде во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште соба бр.52 да си го подигне решението.

Доколку не се јавите ќе сметаме дека е извшена уредна достава и дека негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

**Број 20-10801/1**

**30.07.2015година**
**Охрид**

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Пом.раководител на сектор**
**Бранко Арнаудовски,с.р**